## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за управните спорови |
| Одговорно лице и контакт информации: | Радица Лазареска-Геровска<br>Тел.070/ 385-918 |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ____ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 5.09.2018 год. |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 04.10.2018 год. |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 31.10.2018 год. |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | 18.12.2018 год. |

### 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

*1.1 Опис на состојбите*

Управниот спор како судска заштита на правата на граѓаните од незаконските акти и работа на управата во Република Македонија за првпат е воведен со Законот за управните спорови во 1952 година, надополнет со нов Закон за управните спорови во 1977 година и со последниот трет Закон за управните спорови донесен во 2006

година со кој во државата се формираше посебно специјализирано управно судство. Овој закон е изменет и дополнет во 2010 година со одредби за формирање Виш Управен суд без да се пропишат одредби за водење на постапка пред овој суд. Законот за управните спорови донесен во 2006 година за изминатиот перид покажа низа слабости во поглед на долготрајноста на управниот спор, неодлучувањето на судот во полна јурисдикција, неизвршување на одлуките донесени од страна на Управниот суд и други недоследности кои доведуваат до проблеми за граѓаните во остварувањето на нивните права во управниот спор. Воедно констатирана е излишност од тоа јавните органи во управниот спор кој се води против нив да бидат застапувани од државното правобранителство. Имено, согласно со ЗОУП од 2015 година службеникот кој ја водел управната постапка должен е таа постапка и да ја заврши односно да го донесе и потпише решението. Тој одговара на жалбените наводи против своето решение пред второстепена државна комисија што одлучува по жалби во управна постапка. Ако граѓанинот во својство на странка повел управен спор против второстепеното решение на државната комисија, нема никаква лигична или правна оправданост државниот правобранител да го застапува јавниот орган во таквиот управен спор. Споровите од управните договори иако се изречно утврдени со ЗУС од 2006 година, а во 2015 година и со ЗОУП како надлежност на Управниот суд, сеуште во најголем број се решаваат пред редовните судови и во оваа сфера постои целосна невооедначеност во примена на правото. Потребно е да се преземат мерки за доследна примена на задолжителноста на судски пресуди и да се предвиди начин на кој ќе се утврди колку од правосилните пресуди се извршени во предвидениот рок од 30 дена. Во ЗУС треба да бидат содржани одредби за санкционирање на јавните органи кои на Управниот суд нема да му ги достават потребните списи за правилно водење и завршување на управниот спор. Бројот на судења со одржана јавна расправа потребно е да се зголеми. Законот за управни спорови треба да се усогласи со Законот за општата управна постапка од 2015 година.

### 1.2 *Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

-долготрајност на управниот спор, неодлучувањето на судот во полна јурисдикција, неизвршување на одлуките донесени од страна на Управниот суд, излишност од тоа јавните органи во управниот спор кој се води против нив да бидат застапувани од државното правобранителство, решавање на споровите од управните договори во најголем број пред редовните судови со што во овој дел постои целосна невооедначеност во примена на правото, мал број на судења со одржана јавна расправа, неусогласеност на ЗУС со ЗОУП од 2015 година.

## 2. Цели на предлог регулативата

- поголема ефикасноста на управниот спор, намалување на должината на управно-судската постапка, усогласување на Законот за управните спорови со Законот за општата управна постапка, мериторно одлучување од страна на Управниот суд, обезбедување извршност на одлуките на Управниот суд и слично.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 *Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку Владата на Република Македонија не му предложи Предлог-закон за управните спорови заради надминување на горенаведените проблеми, можно е и

понатаму да останат претходно детектираните проблеми од постојната регулатива која го регулира управниот спор како: долготрајност на управниот спор, неодлучувањето на судот во полна јурисдикција, неизвршување на одлуките донесени од страна на Управниот суд и некои други недоследности кои доведуваат до неефикасност на управниот спор и до поголеми проблеми за граѓаните во остварувањето на нивните права во управниот спор.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Усвојување на Предлог - Закон за управните спорови.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

Со предложените измени ќе се намалат трошоците на физичките лица како и на правните лица во остварувањето односно заштитата на нивните права во постапките во управните спорови пред судовите и ќе се обезбеди побрз пристап до правдата а воедно и поголема ефикасност на управниот спор..

Негативно влијание нема.

*4.2 Фискални влијанија*

Нема фискални влијанија

*4.3 Социјални влијанија*

Ќе се намалат трошоците за физичките лица и правните лица како учесници во постапките во управните спорови пред судовите.

Негативно влијание нема.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Посредно позитивно влијание кое произлегува од позитивните економски и социјални влијанија.

Негатвно влијание нема.

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*нема*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

*нема*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Врховниот суд на Република Македонија, Апелациониот суд Скопје, Управниот суд, Вишиот управен суд, Судскиот совет на Република Македонија, Институтот за правни истражувања и анализи, Државниот управен инспекторат, Министерство за информатичко општество и администрација и универзитетски професори вклучени преку учество во работна група.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Писмени коментари доставени од страна на Управниот суд по објавување на Нацрт- законот на ЕНЕР кои се вградени и се составен дел од Предлог законот, забелешки и препораки од оценската мисија на Европската Комисија, *како и мислење од Секретаријатот за законодавство.*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

*Нема*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Со новиот Закон за управните спорови ќе се уреди детално постапката пред Управниот суд и второстепениот суд имајќи ги предвид спецификите на управниот спор, се зголемува транспарентноста и јавноста на постапките во управниот спор преку задолжителноста на јавна расправа во постапката, со строго дефинирање на исклучоците, се зајакнуваат можностите за мериторно одлучување на Управниот суд, како и системот на извршување на пресудите, со што ќе се зголеми ефикасноста на управниот спор и ќе се овозможи граѓаните да добијат ефикасна правна заштита на своите права во управниот спор.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*Донесувањето на законот ќе предизвика потреба за измена на Законот за судови во делот на надлежност на Управниот суд. Со оглед на фактот дека се работи за 2/3 закони кои ја регулираат надлежноста на судовите и постапката пред Управниот суд целисходно е законските решенија да бидат усогласени и едновремено да се усвојуваат од стрна на Собранието на Република Македонија.*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*Измена на постојните подзаконски акти. Нема потреба од донесување и измена на постојни подзаконски акти.*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерство за правда, Врховен суд на Република Македонија, Управен суд.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Советувања, семинари или работилници во организација на Министерството за правда и друго.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Информации и анализи изготвени од Министерството за правда и судовите, квартални и годишни извештаи за работата на Управниот суд.

8.2 *Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

**Изјава од министерот за правда**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 25. 12. 2013
.........................................................

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
СКОПЈЕ

**потпис на министер за правда**